Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
- Сектор за управување со јавен долг -

Скопје, 27.09.2023 година

# ПРОСПЕКТ ЗА ЗЕЛЕНА ОБВРЗНИЦА

## Аукција на 2-годишни обврзници без девизна клаузула

| | |
|---|---|
| **Ознака на аукција:** | DO2023/18-1025 |
| **ISIN ознака:** | MKMINF20GAJ1 |
| **Девизна клаузула:** | **Без девизна клаузула** |
| **Тип на тендер:** | **Тендер со износи (ограничен - со цена)** |
| **Тип на пазарен субјект:** | **Правни лица - со седиште во РСМ и физички лица - државјани на РСМ** |
| **Датум на одржување на аукција:** | 03.10.2023 |
| **Време на прием на понуди на денот на аукција од овластени директни учесници (банки):** | 11:00 - 12:00 |
| **Износ во денари:** | 600.000.000 |
| **Купонска каматна стапка (цена):** | 4,75% (100,00) |
| **Датум на уплата:** | 05.10.2023 |
| **Достасување во години:** | 2 |
| **Датум на достасување на обврзницата:** | 05.10.2025 |
| **Датум на достасување на:**<br>- **прв купон** 05.10.2024<br>- **втор купон** 05.10.2025 | |

* Средствата од аукцијата се наменети за Фондот за енергетска ефикасност при Развојна банка на Република Северна Македонија.

Зелената обврзница е инструмент кој Министерството за финансии го воведува во своето портфолио како нова хартија од вредност, со цел финансирање, нови и/или постојни зелени проекти. Овие обврзници ќе бидат наменети за поттикнување и поддршка на проекти за унапредување и заштита на животната средина.

Средствата инвестирани во оваа зелена обврзница ќе бидат наменети за финансирање на Фондот за енергетска ефикасност при Развојна банка на Република Северна Македонија. Фондот ќе ги користи овие средства за финансирање на инвестиции за енергетска ефикасност преку одобрување на кредити, издавање гаранции и одобрување грантови.

Транспарентноста и одржливоста се клучни елементи на овој инструмент. Со цел мониторинг, следење и контрола на проектите кои ги финансира Фондот за енергетска ефикасност, на нашата веб страница ќе се објавуваат извештаи на годишна/полугодишна основа за работењето и оценка на одржливоста.